## ВИНЕР ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2009

Успешна година зад нас, уште поуспешна пред нас

Измината година Винер Осигурување ја одбележаа два клучни моменти. Едниот е купувањето 100% од акциите на СИГМА од страна на најголемиот осигурителен бренд во Централна и Источна Европа – во мај месец, а вториот момент беше секако официјалното објавување на новото корпоративно име со кое ќе настапуваме на македонскиот осигурителен пазар – ВИНЕР Осигурување.

Промената на корпоративното име не значи само промена на брендот, туку значи промена на пристапот кон работењето. Со самиот слоган на нашата компанија – ВИСТИНСКИ ИЗБОР ЗА ВАС, нашиот фокус е кон клиентите. Секогаш посветени кон нивно целосно задоволство, да бидеме вистинскиот избор за нивната сигурност, нивниот имот, нивниот бизнис,... Тоа е политика која Виена Осигурителната Групација успешно ја применува повеќе од 185 години. Традицијата на успешно работење сама по себе говори за сигурноста на оваа Групација која има искуство, знаење и секако успех во работата.

По изминати нецели 7 месеци од влезот на најголемиот осигурителен брен во Република Македонија во осигурувањето – WIENER STÄDTISCHE, можеме да ги споделиме успешните резултати од нашето работење. **Бројките за 2009 година се:**

- **Пораст на пазарниот удел за 17,5%**
- **Пораст на полисираната премија 33.5 мил. ден.**
- **Зголемување на средствата за покривање на техничките резерви на штети за 150 мил.денари (за 130%)**
- **Импресивен портфел на продукти во кои доминантно учествува завзема незадолжителното осигурување**
- **Задржување и динамично зголемување на корпоративните клиенти кои својата доверба за нивната сигуност ни ја доверија нам**
- **Енормен обем на ликвидирани штети – 54% од полисираната премија**
- **Пораст во првото тромесечие од 2010 во однос на истиот период лани за 15%**

Сето ова е реализирано во исклучително тешката година која ја имаше целиот свет, не одминувајќи ја и Македонија. Осигурителен пазар сеопфатно се намали по својот обем за - 4,5%. Најголемиот дел од компаниите својата позиција ја оддржуваа на постоечкото ниво, односно дел од нив за жал го изгубија пазарен удел, ние континуирано растеме.


**Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје**
Ул. Митрополит Т. Гологанов бр.28/1, 1000 Скопје, Р. Македонија Тел.+389 (02) 32 31 631 Факс.+389 (02) 32 31 632 е-пошта: winner@winner.mk

Резултатите на ниво на Македонија ни се многу важни. Но, успехот кој го остварува групацијата на ниво на Централна и Источна Европа не прави уште погорди што токму ние сме компанијата која е дел од оваа групација.

2009 година за групацијата исто така беше успешна. Имајќи ја во предвид целокупната криза која покрај САД, се осети најмногу во Европа, групацијата ја докажа својата водечка позиција и исправна стратегија – конзервативно управување со ризикот. Од тие причини, резултатите на групацијата се инзворедни.

- Полисирана премија од 8,22 милијарди €
- Профит од 440 милиони €
- Присутна во 23 земји со 50 осигурителни компании
- Лидерска позиција во поголемиот број на земји
- Добитник на престижната награда од УНИБА Партнерс за најдобра осигурителна групација во регионот
- Рангирана со “А+” според Standard & Poor’s што преставива показател за моќта, стабилноста и безбедноста на корпорацијата

Поради проширувањето на Групацијата на пазарите во Централна и Источна Европа, кои прераснаа во 50 компании, потребни се континуирани прилагодувања во организациската структура кои се неизбежни заради успешен раст и развој на Групацијата. Тоа се однесува пред се на заедничка координација во

- ИТ сегментот,
- реосигурување,
- инвестиции,
- финансии и сметководство,
- планирање и контролирање,
- меѓународен развој на вработените,
- меѓународни актуарски услуги,
- управување со ризик,
- меѓународна ревизија,
- односи со јавност

Стратешките договори, клиенти и продажни партнери на ниво на групацијата, а присутни на пазарите каде сме активни, ќе бидат дополнителен придонес во долгорочниот раст и развој на нашите компании во групацијата.


**Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје**
Ул. Митрополит Т. Гологанов бр.28/1, 1000 Скопје, Р. Македонија Тел.+389 (02) 32 31 631 Факс.+389 (02) 32 31 632 е-пошта: winner@winner.mk